АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-598/4
24.11. 20 23 год.-vit
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-598/3 од 18.11.2022 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 46 -та седница одржана на 16.11.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за акредитација на ментор на докторски студии**

1. Д-р Афродита Зенделска, вонреден професор на студиската програма Подготовка на минерални суровини, на Факултет за природни и технички науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Подготовка на минерални суровини, од трет циклус бр. на акредитација 08-550/4 од 14.12.2022 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесеното барање 1706-102/1 од 07.04.2022 година(наш бр.08 - 598/1 од 15.06.2022 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиска програма Подготовка на минерални суровини, на Факултет за природни и технички науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, за проф. д-р Афродита Зенделска.

Одборот за акредитација на високото образование, на 40 - та седницата одржана на 24.06.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 598/3 од 18.11.2022 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 46 - та седница одржана на 16.11.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова